**Известување за концентрација со која на Аустротерм ГмбХ. Австрија, ќе стекне единствена контрола, врз друштвото Группо Порон С.р.л. Италија и Италконсулт С.р.л. Италија, преку стекнување на 100% од акциите во Целните друштва**
**(предмет бр. 08-80/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 23.04.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување единствена контрола од Аустротерм ГмбХ. Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, врз друштвото Группо Порон С.р.л., и Италконсулт С.р.л., двете со седиште на виа Верцелли 19, Рим, Италија, преку стекнување на 100% од акциите во Целните друштва.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Аустротерм ГмбХ. е главно активно во производството и продажбата на изолациони материјали изработени од експандиран полистирен ("EPS") и екструдиран полистирен ("XPS"), што се користат како изолациони материјали за згради, но со различни области на примена. Портфолиото на производи на Аустротерм ГмбХ. е заокружено со фасадни профили и градежни табли за обложување подови и ѕидови.

Аустротерм е дел од Шмид Индустрихолдинг Г.м.б.Х. (*Schmid Industrieholding G.m.b.H.*), Австрија ("ШИХ"). Преку своите поврзани друштва, ШИХ е активно во различни сектори, вклучително и екстракција на суровини (главно ископување варовник, талк); производство на цемент; материјали за градежната индустрија (како што се бои, монтажни производи, облоги, малтери, изолација, штуко, полнила, тула, цемент, бетонска индустрија); трговија, печки за складирање, рекламна индустрија и опрема за лов.

ШИХ има едно поврзано друштво основано во Северна Македонија, БАУМИТ ДООЕЛ Скопје со седиште на Јадранска Магистрала 165, Скопје - Бутел, Северна Македонија, активно во снабдувањето со производи на БАУМИТ како што се суви малтери, фасадни системи, изолациони плочи и композитен систем за надворешна топлинска изолација.

Группо Порон С.р.л. е италијанско друштво кое првенствено се занимава со производство, трансформација и продажба на производи од EPS. Покрај тоа, Группо Порон С.р.л. е активно и во продажбата на производи од XPS, како и производство на полистиренска амбалажа за градинарството, млечните, рибите, медицинските и угостителските сектори.

Итаконсулт С.р.л. е дел од истата групација како Группо Порон С.р.л. и е компанија за недвижности на групацијата, која се занимава со лизинг на индустриски недвижности. Италконсалт С.р.л. поседува згради и парцели на производствени локации и дава закуп на Групо Порон С.р.л.

Целните друштва немаат поврзани друштва, активности или приходи во Северна Македонија.

Учесниците во концентрацијата наведуваат дека како релевантен пазар за оцена на предложената концентрација може да се земе производство и трговија на големо со изолациони материјали.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

29.04.2025 година
Скопје